26899

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Недела 12 октомври 1980 год. ● стр.

ПОВОДИ

# »ДЕНОВИТЕ« МОЖНОСТ ЗА КОМУНИКАЦИЈА НА КУЛТУРАТА

Дниве Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница на културата на својата седница начелно го прифати предлогот во СР Македонија да се одржат Денови на културата на САП Косово. Терминот не е утврден, но утврдено е дека ќе треба исто така да се организираат Денови на македонската култура во САП Косово.

Да потсетиме: деновите на културата на Косово што ќе бидат организирани во Скопје и во некои градови во внатрешноста, во тек на седум дена ќе ги презентираат најдобрите остварувања во областа на ликовната уметност, театарот, литературата, филмот, без да го запоставаат народното творештво од секојдневниот живот низ предмети (на изложба) и игра (низ концерт на »Шота«). Исто така ќе се проговори, на тркалезна маса, и за актуелните моменти во културно-уметничкото творештво на оваа социјалистичка автономна покраина кај нас.

Прифаќањето на овие манифестации кај нас — сега од Косово, а и на оние веќе од порано утврдени »денови« од другите републики, значи давање можност на широката публика од сите сфери да се запознае со творечкиот момент во една друга средина. »Деновите«, имено, доаѓаат како збирна информација која е актуелна во дадениот момент, и која презентирана на едно место, во една нова средина прозвучува оркестрално. Во »деновите« е присутно сè што е актуелно, што е квалитетно, што значи и творечки и репродуктивен дострел на културата што се презентира, јасно при претпоставка грижливо да се подготвувани, да се сака со конечниот дострел да се презентира во другата средина. Зашто, имало манифестации, вака »збирни«, кои биле или кај нас прикажани, или ние сме ги организирале во друга средина, но за кои не можело да се каже, не барем за сите компоненти на тие »денови« дека се она што служи за презентација на културата. »Деновите« би требало да се еден вид антологиски избор од сите сфери на уметничкото творештво, и тие често се тоа. Сигурно пак дека сета култура не може да се врами во седум дена, во седум манифестации, или помалку, како што ќе биде »Загрепскиот културен мозаик«, кој во Скопје, во рамките на размената »културата на еден град во друг град« ќе почне утре и ќе трае до 16-ти октомври. Но и тие пет манифестации, што ги организира Центарот за култура и информации на град Загреб во Скопје, треба да се верува дека се она што во овој момент е најактуелното и најквалитетното во културата на Загреб.

»За тебе, моја Долорес« од д-р Саша Божовиќ, дело за кое во последниве месеци многу се пишуваше, многу се слушна по повод изведбата на Ружица Сокиќ во Земун и Дубровник, во Скопје, во адаптација и режија на Јасна Месариќ ќе го интерпретира Марија Секелез. Освен оваа вечер на монодрама, на денот на отворањето на културниот мозаик, во изложбениот салон на Центарот за култура и информации во Скопје ќе биде отворена изложба на Златко Прица, сликар и Коста Ангели — Радовани, скулптор. Скулптурата на Ангели — Радовани не е непозната за нашата ликовна публика, како што не е непозната ни неговата дејност кај нас. Имено, Коста Ангели — Радовани, може да се рече дека е судбински врзан за нашата ликовна култура: тој беше член на комисијата која работеше на подготовките на Музејот за современа уметност во Скопје и член на матичната комисија при организирањето на Академијата за ликовни уметности. Еден ден подоцна е вечерта на шансони на Хрвое Хегедушиќ а во филмскиот термин ќе биде прикажано остварувањето »Годишни времиња, денови на Вишња, Зденка и Бранка« на режисерот Петар Крељა. Литературата ќе биде презентирана со делото на Мирослав Крлежа: артисто Раде Шербеџија ќе го говори текстот »Крлежината пресметка со нас«, откако Предраг Матвејевиќ, еден од најдобрите познавачи на делото на Крлежа, ќе има воведен збор.

Тука и ќе заврши »Загрепскиот културен мозаик«. Меѓутоа како форма на размена на културните достигнувања останува и натаму »градскиот мозаик на културата«, како шо посојат »деновите на културата на една република или покраина«. Осознаено е дека културата не само што не може да битисува само во градските, републичките, покраинските рамки, туку треба да комуницира со другите култури, да се одлива за да биде осознаена и во друга средина. »Деновите« и »мозаикот« во овој наш момент се покажаа како прифатлива форма на презентирање на уметничкото творештво. Во таа размена, на пример, минатата година Центарот за култура и информации на Скопје во Загреб организира исто манифестации — поетска вечер, концерт на Камерниот оркестар на РТВ Скопје, вечер на цртани филмови, изложба на ликовни дела и, од хортикултурата-уредување на македонски двор: нешта за кои организаторот сметал дека се и квалитет во областа што ја претставуваат, и актуелност на тој ден. Тоа комуницирање на културите од град во град, од една во друга република или покраина е неопходност во поблиското меѓусебно запознавање меѓу народите и народностите во пошироката заедница. Овие форми на комуникација на културата ќе треба уште повеќе да ги разбијат градските и републичките рамки, да се почести, за да не губат од актуелноста. И, во нашите настојувања за поопштествување на културата, во нивното конципирање поголем удел да земе работниот човек за кого и се наменети.

О. Спирноска